Врз основа на член 19 став (1) од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019 ,150/21, 227/2022, 284/2023, 224/2024 и 37/2025) и член 14 став 1 од Колективниот договор на Агенција за пошти бр. 01-151/1 од 26.07.2018 година, изменет и дополнет со Колективен договор на на Агенцијата за пошти бр.04-99/1 од 01.04.2022 година, директорот на Агенцијата за пошти на ден 24.02.2026 година ја донесе следната:

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 04-64/7
24.02.2026 год.
СКОПЈЕ

ОДЛУКА

за избор на кандидат за унапредување

1. Кандидатот Маја Атанасовска на работното место Помлад соработник за канцелариско и административно работење во Директоратот за регулатива, лиценцирање и правни работи, на ниво В04, се избира за унапредување на работно место во категорија и на ниво В02 - Стручен соработник за анализа и статистика во Директорат за следење и анализа на пазар во Стручната служба на Агенцијата за пошти.

2. 0ваа одлука се објавува на веб страницата на Агенцијата и му се доставува на избраниот кандидат.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По Барање за отпочнување постапка за унапредување на вработен во Агенцијата за пошти бр.04-64/1 од 26.01.2026 година од Директорката на Агенцијата за пошти, по спроведени неопходни подготовки по постапката, на 30.01.2026 година на веб страницата на Агенцијата за пошти беше објавен Интерен оглас бр.1/2026 бр.04-64/2 од 29.01.2026год.за пополнување на работно место Стручен соработник за анализа и статистика по категорија и ниво В02, во Директорат за следење и анализа на пазар, преку унапредување.

Во определениот рок до Агенцијата пристигна пријава од еден кандидат, по што беше спроведена постапа за административна селекција од страна на Комисија за селекција за унапредување формирана со Одлука бр.04-64/3 од 29.01.2026 година од директорката на Агенцијата и за истото составен Записник бр.04-64/5 од 16.02.2026 година, согласно постапката пропишана по член 13 од Колективниот договор на

Агенцијата за пошти. По одржано интервју на 18.02.2026 година со единствениот кандидат кој поднесе пријава за унапредување, Комисијата за административна селекција изготви Конечна ранг листа бр.04-64/6 и на 19.02.2026 година со која, на Директорката и предложи да го избере единствениот пријавен кандидат за пополнуваое на слободното работно место за кое беше објавен интерниот оглас.

Согласно член 14 став 1 од Колективниот договор на Агенцијата за пошти , во рок од 5 дена од добивањето на предлогот од Комисијата за селекција за унапредување, директорот е должен да донесе одлука за избор а доколку донесе одлука за невршење избор, треба да ги наведе причините за тоа, согласно членот 14 став 3 од Колективниот догооор.

Одлуката за избор се доставува до кандидатите за унапредување и се објавува по електронски пат на внатрешните електронски системи за информирање на Агенцијата, согласно член 14 став 2 од Колективниот договор на Агенцијата за пошти.

Постапувајќи согласно ченот 14 став 1 од Колективниот договор, директорката одлучи да го избере за унапредување на работно место Стручен соработник за анализа и статистика на ниво В02 во Директорат за следење и анализа на пазар во Стручната служба на Агенцијата за пошти, кандидатот Маја Атанасовска, административен службеник во Агенцијата за пошти кој повеќе од 13 години работа во Агенцијата за пошти а од јули 2022 година на работното место Помлад соработник за канцелариско и административно работење на ниво В04, и оваа одлука да се објави и достави како во диспозитивот.

Правна поука. Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до второстепената комисија за одлучување по жалби од административни службеници, во рок од 8 дена од приемот.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

Директор,

Марина Тоневска